# Настава на три нивоа

Од второто тромесечие ќе започнеме со изведување на настава на три нивоа - која се базира на постапки/задачи прилагодени на постигнувањата на учениците, односно на учениците им овозможува да напредуваат според своите можности.

Првата диференцијација на учениците на нивоа ќе се спроведе според нивните постигнувања до 20. ноември, т.е. според збирот на освоените бодови (без кредити) на: тест 1 (мах 70 бода), тест 2 (мах 100 бода), усна проверка 1 (мах 30 бода), активности на часовите (мах 20 бода) и изработка на проект (бонус бодови). Максималниот број на бодовите во оваа фаза на работа изнесува 220.

| **Определување на нивоа на знаење (скала)** | | |
|---|---|---|
| **Бодови** | **Оценка** | **Ниво** |
| 0-72 | 1 | **ПРВО** |
| 73-109 | 2 | |
| 110-146 | 3 | **ВТОРО** |
| 147-183 | 4 | |
| 184-220 | 5 | **ТРЕТО** |

Промени на нивоа ќе бидат можни по тестот бр. 3, односно тестот бр.4 (ќе зависат од постигнувањата- бројот на освоените бодови).